ДРУШТВО ЗА ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И УСЛУГИ
МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ
Бр. 791-02
18.08.2026 год.
СКОПЈЕ

# MASTERBET DOOEL

## ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА
## „ Играј и вози! “

**Член 1: Организатор на наградната игра**
Организатор на оваа наградна игра е Друштвото за туризам, угостителство и услуги МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 25 Скопје, Република Северна Македонија ( во понатамошниот текст „Организатор“).

**Член 2: Име, траење и цел на наградната игра**
**Името на наградната игра „ Играј и вози! “.**
Наградната игра ќе започне на ден 21.09.2026 година и ќе заврши на ден 18.11.2026 година.

Во наградната игра се доделуваат 2(два) Автомобили:

**АВТОМОБИЛ GEELY CITYRAY GF 1.5 во вкупен износ од 2.038.782.00 денари и**
**АВТОМОБИЛ GEELY CITYRAY GF 1.5 во вкупен износ од 2.038.782.00 денари**

**Извлекувањето на првиот автомобил GEELY CITYRAY GF 1.5 ќе се одржи на ден 04.11.2026 година во 22 часот во Автомат клуб Боговиње,** со седиште на ул. Плачарица бр.1 Боговиње Тетово. Играчите започнувајќи од 21.09.2026 година до 04.11.2026 година ќе можат да ги ставаат освоените купоните во поставените барабани, кои ќе бидат затворени во 20 часот и ќе се спроведат кон автомат клубот каде што во 22 часот ќе започне извлекувањето.

**Извлекувањето на вториот автомобил GEELY CITYRAY GF 1.5 ќе се одржи на ден 18.11.2026година во 22 часот во Автомат клуб ЛЕШОК**, со седиште на ул. 101 бр.1 Лешок Тетово. Сите недобитни купони од првото извлекување ќе учествуваат во второто извлекување, но исто така играчите започнувајќи од 05.11.2026 година до 18.11.2026 година ќе можат да играат за да освојат нови купони и да ги ставаат во поставените барабани во клубовите кои ќе бидат затворени во 20 часот и ќе се спроведат кон автомат клубот каде што во 22 часот ќе започне второто извлекување.

Целта на оваа наградна игра е да се рекламираат услугите на Компанијата МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје преку својот бренд АСТРА.

**Член 3**
Наградната игра ќе се приредува во 4 (четири) автомат клубови на Организаторот – АСТРА автомат клубовите и тоа:

1. **Подружница Автомат клуб Диме Тетово,** со седиште на ул. Маршал Тито бр.1 Тетово;
2. **Подружница Автомат клуб Лауда Тетово,** со седиште на ул. Илинденска бр.94 Тетово;
3. **Подружница Автомат клуб Боговиње,** со седиште на ул. Плачарица бр.1 Боговиње и
4. **Подружница Автомат клуб ЛЕШОК – Лешок Тетово** со седиште на Ул. 101 бр.1 Лешок Тетово

**Член 4: Правила за учество и начин на спроведување на наградната игра**

Право на учество во наградната игра имаат сите лица кои се постари од 18 години и кои ги прифаќаат условите на овие Правила, освен вработените во МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
VI

МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ
ул . 16-та Македонска Бригада бр. 25
1000, Скопје, Северна Македонија

Те . +389 2 3104 754
masterbet@astra.mk
www.astra.mk

Секој посетител што ќе добие ЏЕКПОТ во наведените Автомат клубови АСТРА објавен на поставените монитори во автомат клубот станува учесник на наградната игра и ќе добие купон.

- За освоен ЏЕКПОТ до 2.000,00 денари играчот се стекнува со 1 (еден) нумериран купон за учество во наградната игра
- За освоен ЏЕКПОТ од 2.000,00 – 5.000,00 денари играчот се стекнува со 2 (два) нумерирани купони за учество во наградната игра,
- За освоен ЏЕКПОТ над 5.000,00денари играчот се стекнува со 3 (три) нумерирани купони за учество во наградната игра.

Купонот се состои од два исто нумерирани делови. Нумерираниот дел од купонот со лични податоци на играчот (име и презиме) или кориснички профил (ИД број од системот на Организаторот) се внесува во барабанот и учествува во извлекувањето на наградата, а другиот дел од купонот останува кај играчот за да послужи за идентификација на денот на извлекувањето. Колку повеќе освоени џек потови, толку повеќе наградни купони за учество и освојување на наградата од наградната игра. Секој играч може да учествува со неограничен број на наградни купони за наградната игра во наведените 4 (четири) АСТРА автомат клубови каде што ќе се организира наградната игра.

Колку повеќе играат играчите, толку поголеми се можностите за добивање на ЏЕК ПОТ, како услов за добивање на наградата.
Барабаните се 24 часа под видео надзор, а отворот од кој ќе се изврши извлекувањето е пломбиран.

**Член 5: Извлекување**
Извлекувањето ќе се одржи на 2 (два) термини: **Прв термин 04.11.2026 година започнувајќи од 22 часот** во Автомат клуб Боговиње, со седиште на ул. Плачарица бр.1 Боговиње Тетово – каде што ќе се додели првиот автомобил и **Втор термин 18.11.2026 година започнувајќи од 22 часот** во Автомат клуб Лешок, со седиште на ул. 101 бр. 1 Лешок Тетово – каде што ќе се додели вториот автомобил.

По извлекувањето на првиот автомобил, сите недобитни тикети ќе видат вклучени во второто извлекување, а дополнително во временскиот период од 05.11.2026 до 18.11.2026 година играчите ќе можат да учествуваат со нови тикети за второто извлекување. Со извлекувањето на двата автомобила наградната игра завршува.

Играчите – добитниците на ЏЕК ПОТ ќе можат да ги ставаат купоните за првото извлекување во поставените барабани во автомат клубовите најдоцна до 20 часот на ден 04.11.2026 година, а потоа истите се доставуваат до главниот барабан за првото извлекување на Автомобилот во Автомат клуб Боговиње. Додека пак за второто извлекување, играчите – добитниците на ЏЕК ПОТ ќе можат да ги ставаат купоните во поставените барабани во автомат клубовите најдоцна до 20 часот на ден 18.11.2026 година, а потоа истите се доставуваат до главниот барабан во Автомат клуб Лешок, каде што претходно ќе бидат доставени сите недобитни тикети од првото извлекување.

**Првото извлекувањето ќе започне во 22:000 часот** во Автомат клуб Боговиње, со седиште на ул. Плачарица бр.1 Боговиње и ќе се емитува online во сите клубови на АСТРА преку организиран линк од страна на организаторот. **Услов за добивање на наградата е лично присуство на играчот во Автомат клубот каде што ќе се извршува извекувањето на наградата.**

**Второто извлекување** извлекувањето ќе започне во 22:000 часот во Автомат клуб Автомат клуб Лешок, со седиште на ул. 101 бр.1 Лешок Тетово и ќе се емитува online во сите клубови на АСТРА преку организиран линк од страна на организаторот. **Услов за добивање на наградата е лично присуство на играчот во Автомат клубот каде што ќе се извршува извекувањето на наградата.**

Регуларноста на извлекувањето ја прати 3(три) члена Комисија составена од страна на Организаторот на наградната игра.

Добитникот се извлекува од барабанот рачно, а истото го извлекува еден од членовите на Комисијата.

Доколку по извлекувањето и читањето на добитниот купон во рок од 3 (три) минути не се јави лично добитникот, купонот се поништува и процедурата започнува од почеток и трае се додека не се извлече добитникот. Наградата не може да ја подигне друго лице освен лично добитникот.

По извлекувањето на добитникот останатите купони се поништуваат и наградната игра завршува.

Добитникот се идентификува со важечка лична карта или пасош и на Комисијата го дава другиот дел од нумерираниот купон (купон).

На добитникот му се издава потврда од страна на Организаторот за добиената награда.

**Член 6: Објавување на добитникот**

Добитниците на наградите ќе бидат објавени во рок од 3 денови од денот на извлекување на наградата на огласната табла во сите Автомат клубови кои учествуваат во наградната игра, како и на официјалната страна на Организаторот, astra.mk.

**Член 7: Информирмирање за наградната игра на учесниците**

Учесниците ќе бидат информирани за Правилата на наградната игра, фондот за награди и условите за учество преку надворешни информативни канали, интернет страницата astra.mk , како и пропаганден материјал во АСТРА автомат клубовите.
Откако Министерството за финансии на Република Северна Македонија ќе даде одобрување за почеток на наградната игра,официјалните правила на наградната игра ќе бидат објавени во наведените автомат клубови на Организаторот, како и на официјалната интернет страна на Организаторот astra.mk, пред почетокот на истата.
По добиеното одобрение од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, правилата за наградната игра стапуваат на сила.

**Член 8**

Наградите се подигнуваат во рок од 10 (десет) денови од денот на објавување на добитникот на наградната игра во Автомат клуб Боговиње, со седиште на ул. Плачарица бр.1 Боговиње и во рок од 10 (десет) денови од денот на објавување на добитникот во Автомат клуб Лешок, со седиште на ул. 101 бб Лешок, Тетово.

**Член 9**

Организаторот е должен да провери дали се исполнети сите услови за учество и дали добитникот ги исполнува сите услови за подигнување на наградата, согласно правилата. По предавањето на наградата, Организаторот нема никаква одговорност кон добитникот на наградата во однос на користењето на истата, освен одговорностите наведени во правилата. Организаторот нема одговорност за достава на наградата и нема да покрие било какви дополнителни трошоци, како што е транспорт или друг тип на трошоци, трошоци за реализација кои не се опишани во правилата или во посебно потпишан договор помеѓу Оранизаторот и добитникот.
Организаторот не е одговорен, доколку добитникот не е во можност да ја подигне или користи наградата.
Резултатот за прогласување на добитниците е конечен. Доколку добитникот сака, може да се откаже од наградата или да ја предаде на друг во согласност законската регулатива.

**Член 10: Согласност за користење на лични податоци**
Со учество во наградната игра, учесникот се согласува да ги даде личните податоци на Организаторот, за користење при реализација на наградата игра за период од (пет) месеци. Организаторот има право да ги користи личните податоци на секој учесник за потребите на наградната игра. Организаторот не смее да ги користи податоците за било која друга намена, која не е во согласност со законот и ќе ги користи само за потребите на наградната игра. Личните податоци на учесниците на наградната игра, ќе се користат само согласно Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20 и 294/2021)

**Член 11: Даноци**
Даночната обврска на наградната игра ја презема Организаторот.Организаторот гарантира дека доделувањето на наградата ќе биде согласно со Правилата.

**Член 12: Поднесување приговор**
Учесникот во наградната игра, има право да поднесе приговор до организаторот, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавување на добитниците, на е-маил адресата masterbet@astra.mk. Организаторот е должен да даде одговор на приговор во рок од 7 дена по добивањето на истата.

**Член 13: Деловна тајна**
Вработените на Организаторот се обврзани да ја чуваат следната информација како деловна тајна: податоците на учесникот (нивниот број, нивниот идентитет и други лични податоци), механизмот за организација на наградната игра и финанскискиот дел за работатата на Организаторите. Гореспоменатите информации можат да бидат дадени на трето лице од страна на Организаторот, само на начин предвиден во законот.

**Член 14: Прекинување на наградната игра**
Наградната игра може да се прекине, при ненадејни виши сили вклучувајќи го случајот кога Организаторот не е во можност да ја организира наградната игра. За прекин на наградната игра прво треба да се добие согласнот од Министерство за финансии на Република Серверна Македонија.

**Член 15: Законски мерки**
Доколку постојат било какви недоразбирања помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, истите ќе бидат решени согласно договорот.
Ако двете страни не постигнат договор, конфликтот помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, ќе биде решен од страна на судот во Скопје.

Скопје, 17.08.2026 година

**МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје**

Управител Дарко Билбиловски ____________

Управител Бојан Коцевски ____________